**Известување за концентрација со која Сауди Арабијан Оил Компани (Saudi Arabian Oil Company), Кралството Саудиска Арабија ќе стекне контрола над Сауди Бејсик Индустрис Корпорејшн (Saudi Basic Industries Corporation), Кралството Саудиска Арабија.**

**(предмет бр. 08-51/2019)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (Службен весник на Република Македонија бр.145/10, 136/11, 41/14 и 53/16), на ден 02.05.2019 година, Комисијата за заштита на конкуренцијата прими известување за концентрација со која Сауди Арабијан Оил Компани (Saudi Arabian Oil Company), со регистрирано седиште на Поштенско сандаче 5000, Дахран 31311, Кралството Саудиска Арабија ќе стекне контрола над Сауди Бејсик Индустрис Корпорејшн (Saudi Basic Industries Corporation), со регистрирано седиште на Поштенско сандаче 5101, 11422 Ријад, Кралството Саудиска Арабија.

Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:

**Сауди Арабијан Оил Компани** е акционерско друштво основано во, и во целосна сопственост на Кралството Саудиска Арабија, кое е примарно ангажирано со истражување, производство и пласирање сурова нафта на пазарот, и во ограничен обем со производство и пласирање на преработени производи и петрохемикалии.

**Сауди Бејсик Индустрис Корпорејшн** е акционерско друштво основано во Кралството Саудиска Арабија кое котира на Берзата на Саудиска Арабија и истото е примарно активно со производство и продажба на хемикалии (вклучувајќи петрохемикалии), полупроизводи (анг. *intermediates*), полимери (исто така познати како пластика), ѓубрива, и до одреден степен, метали.

Сауди Бејсик Индустрис Корпорејшн продава полиетилен, етилен гликол и полипропилен во Република Северна Македонија. Сауди Арабијан Оил Компани не е присутен во Република Северна Македонија.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставaт забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. Св. Кирил и Методиј 54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

03.05.2019 година
Скопје